Бр. 12 - 1010/1
12.02.2020 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава доставена од подносителот -------------- на 05.07.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 26-тата седница одржана на 7 февруари 2020 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата поднесена од подносителот Сашо Павловски на 05.07.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-3437/1 од 05.07.2019 година, во која се укажува на сомневање за незаконитости и неправилности во исплата на финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија, распределени на буџетскиот корисник - Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, односно Специјалното јавно обвинителство, кои биле исплатувани на вработените лице во ова јавно обвинителство по основ на други извршени повремени или привремени услуги, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12- 3437/1 од 05.07.2019 година, поради тоа што во врска со посочените наводи во поднесената пријава веќе постапува друг надлежен орган (Јавното обвинителство на РСМ ), постапува и презема конкретни процесни дејствија согласно закон.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-3437/1 од 05.07.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител --------------------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконитости и неправилности во исплата на финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија, распределени на буџетскиот корисник - Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, односно Специјалното јавно обвинителство, кои биле исплатувани на вработените лице во ова јавно обвинителство по основ на други извршени повремени или привремени услуги.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

По разгледување на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во врска со посочените наводи во поднесената пријава веќе постапува друг надлежен орган (Јавното обвинителство на РСМ ), кој поведе постапка согласно закон, постапува и презема конкретни процесни дејствија согласно закон.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на 7 февруари 2020 година по број 12-3437/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk